**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 08-386/1
Датум: 20-02-2026
СКОПЈЕ

Врз основа на член 163 Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018 и Службен весник на РСМ бр. 178/2021 и бр. 58/2024), Одлуката донесена на Наставно-научниот совет бр. 02-339/27 од 18.2.2026 година и член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), деканот на Факултетот распишува

# ОГЛАС

за избор на демонстратор

За летниот семестар од учебната 2025/2026 година се распишува оглас за избор на еден демонстратор за ***аудиториски и лабораториски вежби*** по предметите од студиските програми што ги сервисира Институт за математика и физика – за предмети од областа Физика.

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови утврдени со Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018 и Службен весник на РСМ бр. 178/2021 и број 58/2024) и посебните услови утврдени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), и тоа:

- да дипломирале на некоја од студиските програми по физика на ПМФ, со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум),
- да се запишани на втор или трет циклус студии.

Кандидатите пријавата, кратката биографија и прилозите за исполнетоста на условите утврдени со огласот ја поднесуваат во архивата на ФЕИТ најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

Декан
Проф. д-р Владимир Атанасовски